**Македонско здружение на млади правници**

**Проект на УСАИД за заштита на човековите права**

**До:** Управен суд на РМ

Министерство за труд и социјална политика на РМ

**Копија до:** Народен правобранител на РМ

Државен управен инспекторат на РМ

**Датум:** 26 ноември 2015 година

# Правно мислење

## за уставноста и законитоста на постапувањето на центрите за социјална работа и Министертсвото за труд и социјална политика на РМ со кое на поголем број корисници на социјална или постојана парична помош им беше укинато правото затоа што примиле средства преку услугата „брз трансфер на пари“, пред влегувањето во сила на прописот со кој овој прилив започна да се смета како имотно право кое се зема во предвид при оцената на материјалната обезбеденост на лицата корисници на права од социјална заштита

### Воведни напомени:

Ова правно мислење содржи анализа и оценка на уставноста и законитоста на постапувањето на центрите за социјални работи (ЦСР) на РМ во текот на февруари и март 2015 години. Постапувањето се однесува на престанувањето на правото на социјална и постојана парична помош на повеќе од 1.000 лица[1] со образложение дека примиле средства преку услугата „брз трансфер на пари“. Правилниците[2] со кој што применените средства преку оваа услуга беа утврдени како имотно право од кое корисниците можат да се издржуваат се донесоа и влегоа во сила кон крајот на јануари 2015 година. Решенијата предмет на ова правно мислење, со кои им престана правото на социјална и постојана парична помош на споменатите лица се однесуваат на

[1] Податокот е обезбеден преку поднесување на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до центрите за социјална работа. Заради невоедначените одговори може само приближно да се утврди бројката на лица кои се засегнати од опишаното постапување.

[2] Наведени подолу во текстот.

примени средства преку услугата „брз трансфер на пари“ во текот на 2014 година. Поради ова постојат оправдани основи за сомневање дека се работи за ретроактивна примена на понеповолен пропис (правилниците) што е недозволено со Уставот на РМ.

Покрај анализа на постапувањето на ЦСР ова правно мислење содржи анализа и на постапувањето на Министерството за труд и социјална политика на РМ (МТСП) како второстепен орган кој постапува по жалбите поднесени од претходно споменатите лица чии права на социјална односно постојана парична помош им престанаа со одлуките на МТСП во однос на обврската на второстепениот орган да врши надзор над правилната примена на материјалното право од страна на првостепените органи. Во претходниот период МТСП ги одби сите жалби[3] поднесени од лица на кои им се укинати правата од социјалната заштита поради примени средства преку услугата „брз трансфер на пари“ во текот на 2014 година.

Намената на ова правно мислење е да укаже на спорното постапување на гореспоменатите органи од правна гледна точка и на постоењето на јасни и несомнени индиции дека се работи за ретроактивна примена на понеповолен пропис од страна на државен орган. Дополнително со ова мислење се укажува и на пропуштањето на второстепениот орган да ја врши својата законска обврска на контрола на законитоста на решенијата донесени од првостепениот орган. Во периодот претходно, а и во периодот кој следи ќе бидат започнати поголем број на управни спорови во однос на ова прашање затоа од суштинско значење е Управниот суд на РМ кој обезбедува судска контрола над одлуките донесени во управна постапка со приоритет и итност да го разгледа ова прашање и да донесе соодветни одлуки по истото.

Правилното разрешување на оваа правна ситуација е прашање од особено значење и итност каде што како предмет се јавуваат паричните права од социјалната заштита за лицата кои се материјално необезбедени и/или неспособни за работа. Овие лица веќе 9 месеци не добиваат социјална или постојана парична помош, имаат забрана за стекнување на ова право во траење од 12 години и се задолжени да ги вратат средствата кои наводно неосновано ги примиле. Од решавањето на овие постапки директно зависи издржувањето на овие лица и нивните домаќинства.

Ова мислење се заснова на грижлива и темелна анализа на 47 првостепени решенија на Центрите за социјални работи, поднесените жалби по овие решенија како и 25 второстепени решенија по поднесените жалби. Дополнително, беше анализирана и релевантната правна рамка во однос на ова прашање. Проектот на УСАИД за заштита на човековите права во соработка со Националниот Ромски Центар од Куманово овозможи правна заштита на лицата кои се засегнати од оваа пракса и за истото го извести и Народниот правобранител на РМ.

## Фактичка состојба:

МТСП на 26 јануари 2015 година ги дополни[4] правилниците[5] кои што подетално го уредуваат начинот на остварувањето на правата на социјална и постојана парична

[3] Со исклучок на оние случаи кога средствата примени преку услугата „брз трансфер на пари“ се однесуваат на износ помеѓу 50.000,00 и 70.000,00 денари.
[4] Правилниците за измена и дополнување на правилниците се објавени во Службен весник на РМ бр. 11 од 26 јануари 2015 година.
[5] Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на **правото на социјална парична помош** („Службен весник на Република Македонија" бр.

помош. Овие правилници ги утврдуваат **видовите на приходи** како и **видовите на имот и имотните права** кои што се земаат во предвид при оценката дали лицето е материјално обезбедено или не, па согласно тоа дали има или нема право на социјална односно постојана парична помош.

Со дополнувањето, МТСП утврди **ново имотно право** кое ќе се зема во предвид при утврдувањето на материјалната положба на лицата кои бараат или користат социјална односно постојана парична помош. Според тоа, **примените парични средства преку услугата „брз трансфер на пари“[6] во износ над 50.000,00 денари се сметаат како имот од кој корисниците можат да се издржуваат** и како таков се должни да го пријават. Дополнувањата на правилниците стапија на сила наредниот ден од објавувањето односно на 27 јануари 2015 година.

Во февруари 2015 година, веднаш по стапувањето во сила на дополнувањето на правилниците, МЦСР донесоа првостепени решенија со кои на повеќе од 1.000 корисници на социјална или постојана парична помош им беше укинато правото („им престана“ согласно формулацијата во решенијата). Во образложението кон овие решенија се наведува дека лицата примиле средства над 50.000 денари преку услугата „брз трансфер на пари“ и се цитираат ново донесените правилници од јануари 2015 година.

Во помал дел од донесените решенија, во образложението јасно е наведено дека средствата се примени во текот на 2014 година. Во останатите решенија, каде што не е наведено времето кога се примени средствата, истото може индиректно да се утврди од датумот од кога се утврдува незаконска исплата наведен во диспозитивот на решението. Во сите решенија, донесени во февруари 2015 година, датумот од кога се утврдува незаконска исплата е во 2014 година што укажува на фактот дека средствата од „брз трансфер на пари“ се примени во 2014 година пред донесувањето и стапувањето на сила на дополнувањето на правилниците со кои овој приход се смета како имот од кој лицата можат да се издржуваат.

Три недели по донесувањето на наведените дополнувања, МТСП **повторно ги измени[7] правилниците[8]** со тоа што го зголеми највисокиот износ на примени средства преку *„услугата брз трансфер на пари“* кој од 50.000,00 порасна на 70.000,00 денари. Сепак, ова не влиаеше на фактот што во меѓупериодот на определен број граѓани кои примиле средства во износ помеѓу 50.000,00 и 70.000.00 денари им престана правото на социјална односно постојата парична помош.

## Релевантно право:

Спорното постапување на ЦРС и МТСП отвора неколку важни правни прашања кои треба да се земат во предвид при одлучувањето дали истото е во согласност со

---

54/13 и 126/13)и Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на **правото на постојана парична помош**, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/13).

[6] Брзиот трансфер на пари во РМ е уреден со Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари (Сл.весник на РМ бр. 77/03 и подоцнежните измени и дополнувања).

[7] Објавени во Службен весник на РМ бр. 25/2015 од 19.02.2015.

[8] Од фуснота 2.

Уставот на РМ и законите. Првото и најважно се однесува во однос на временското важење и примена на прописите во РМ, второто во однос на овластувањето на МЦСР да прибираат податоци на корисниците на правата од социјална заштита и третото во однос на обврската на второстепените органи да вршат надзор дали првостепените органи правилно го применуваат правото.

### а. Временското важење и примена на прописите во РМ

Уставот на РМ, како една од гаранциите за заштита на слободите и правата, ја утврдува на јасен и недвосмислен начин забраната за повратно дејство на прописите. Прописите, вклучувајќи ги и правилниците од обласата на социјалната заштита не можат да имаат правна сила пред нивното донесување. Единствен исклучок од овој принцип е дозволен само кога подоцнежните прописи се поповолни за граѓаните.

**Член 52 став 4 од Уставот на РМ**
*Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.*

### б. Овластувањето на МЦСР да вршат проверки во личните податоци на лицата кои користат социјална или постојана парична помош

Лицата кои поднеле барање за користење или веќе ги користат правата од социјална заштита се должни по барање на МЦСР да доставaт и податоци и документација што претставуваат докази за остварување на правата (Член 186 од ЗСЗ). Дополнително лицата се должни да го известат МЦРС за секоја промена на фактите и околностите кои се од значење за признавање на правото (Член 190 став 2од ЗСЗ). Доколку истото не го сторат во рок од 15 дена правото ќе им биде укинато (Член 190 став 3 од ЗСЗ). Центарот по службена должност повремено, а најмалку еднаш годишно го преиспитува постоењето на фактите и условите за стекнување и користење на правото од социјална заштита и доколку утврди дека истите се променети, донесува ново решение (Член 191 од ЗСЗ). МЦСР има право, врз основа на согласност дадена од лицето да прибави докази од други државни органи кои се однесуваат на остварувањето на правата од социјалната заштита (Член 8 од Правилникот).

### в. Надлежноста на второстепениот орган да врши надзор над законитоста над постапувањето на првостепениот орган.

Министерството за труд и социјална политика како второстепен орган кој одлучува во постапката по жалба има право и должност да врши надзор над законитоста на постапката. Второстепениот орган особено има обврска да внимава 1. Дали постапката што му претходела на решението е спроведена правилно, 2. Дали решението е со закон и правилно засновано (Член 240 став 1 од ЗОУП) 3. Дали првостепеното решение го донел ненадлежен орган (Член 240 став 2 од ЗОУП). 4. Дали фактите се целосно и правилно утврдени (Член 242 став 1 од ЗОУП) како и 5. Дали е правилно применет правниот пропис (Член 243 став 1 од ЗОУП).

## Анализа на уставноста и законитоста на постапувањето на центрите за социјални работи и МТСП:

### а. Во однос на постапувањето на центрите за социјални работи

Меѓуопштинските центри за социјални работи неспорно имаат законско овластување да донесат решение со кое ќе престанат правата од социјална или постојана парична помош доколку лицето не извести за настанатата промена на фактите и околностите кои се од значење за признавање на правото во рок од 15 дена од настанатата промена (Член 190 став 2 и 3 од ЗСЗ).

Фактите и околностите за чија промена корисниците на парични права од социјалната заштита се должни да го информираат надлежниот МЦСР се предмет на уредување на општ начин во Законот за социјалната заштита[9]. Ова пред сé се однесува на материјалната обезбеденост, семејната состојба како и здравстената состојба кога се работи за право на постојана парична помош. Детално начинот на утврдување на состојбата со приходите како и имотот и имотните права и за едното и другото право се уредува со општ акт (правилник) на МТСП (чл. 55 и 67 од ЗСЗ).

Правилниците за социјалната и постојаната парична помош од 2013 година[10] и нивните измени и дополнувања до јануари 2015 утврдуваат кои приходи и имотни права се земаат во предвид при оценката на материјалната необезбеденост на барателите и корисниците на права од социјална заштита, а кои не. Во овие правилници, примените парични средства преку „услугата брз трансфер на пари“ како посебен вид на приход не се воопшто предвидени како имотно право од кое лицата можат да се издржуваат и согласно тоа не воспоставува обврска истото да биде пријавено во ЦСР.

Во јануари 2015 со стапувањето во сила на дополнувањето на двата правилници примените парични средства преку услугата брз трансфер на пари[11] во износ над 50.000,00 денари се сметаат како имот од кој корисниците можат да се издржуваат и како таков се должни да го пријават. Согласно ова, од 27 јануари па натаму секој прием на средства преку брз трансфер на пари над 50.000 повлекува престанок на правото на социјална односно постојана парична помош.

Во февруари 2015, МЦСР донело повеќе од 1.000 решенија со кое им ги укина правата на лица затоа што примиле средства преку брз трансфер на пари како што беше претходно образложено во 2014 година со повикување на дополнувањето од 2015. **Ваквата примена на подоцнежен пропис (дополнувањето од јануари 2015), над настан кој се случил во 2014 (приемот на средства) која резултира со губење на право од социјална заштита (неповолна последица), претставува ретроактивна примена на пропис што Уставот на РМ со императивна норма изрично го забранува (чл. 52 ст. 4).** Примената над нов пропис над настани и факти случени претходно е **погрешна примена на правото** и како таков **основ и обврска за второстепените органи за поништување на актите со кои е сторена повредата.**

---

[9] Членови 45, 46, 52, 53, 54 и 55 за правото на социјална заштита и членови 57, 58, 59, 62 и 63 за правото на постојана парична помош.
[10] Види Фуснота 5.
[11] Брзиот трансфер на пари во РМ е уреден со Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари (Сл.весник на РМ бр. 77/03 и подоцнежните измени и дополнувања)

При правна анализа на споменатото постапување мора да се земе во предвид и мошне краткиот период помеѓу донесувањето на дополнувањето на правилниците (26 јануари 2015) од една и донесувањето на решенијата за укинување на правата (средина на февруари 2015) имајќи ја во предвид потребата да се прибават податоци од НБРМ. ЦСР се претпоставува дека ги побарале податоците по дополнувањето на правилниците (претходно би немале правен основ) на начин што ќе испратат листа на повеќе од 30.000 корисници на социјална или постојана парична помош. На ова откако би ги добиле податоците би се пристапило кон анализа и изготвување на решенијата што е објективно тешко да се постигне за период од три недели.

**б. Во однос на постапувањето на Министерството за труд и социјална политика како второстепен орган**

Министерството за труд и социјална политика е второстепениот орган кој одлучува по жалбите поднесени против решенијата на меѓуопштинските центри за социјални работи кои се однесуваат на правата од социјалната заштита. Правото на жалба против првостепените решенија е уставно загарантирано право и со поднесувањето на жалбата се овозможува второстепениот орган да утврди дали решението е засновано со закон или не. Доколку решението има недостатоци или е во спротивност на закон второстепениот орган може да го укине решението и да го врати на повторно разгледување или сам да ја реши работата. МТСП има законска обврска да внимава дали првостепениот орган правилно го применил правото при донесувањето на решението против кое е поднесена жалба.

До МТСП преку Проектот на УСАИД за заштита на човековите права во соработка со Националниот Ромски Центар од Куманово беше овозможено да се поднесат 50 жалби. Решенијата против кои се поднесени жалбите се однесуваат на лица корисници на социјална и постојана парична помош чиј права од социјална заштита се укинати поради тоа што примиле средства во 2014 преку услугата брз трансфер пари. Во жалбите на јасен и експлицитен начин беше истакнато дека се работи за ретроактивна примена на неповолен пропис, нешто што со Уставот на РМ е забрането.

МТСП ги одби сите поднесени жалби кои се однесуваа на лица кои примиле повеќе од 70.000,00 денари додека за оние кои примиле помеѓу 50.000,00 и 70.000,00 денари жалбите беа уважени. Решенијата со кои беа одбиени жалбите **потврдуваа прием на средства во период пред стапувањето на сила на спорните одредби** од Правилниците меѓутоа користејќи ја идентичнита фраза „ *Бидејќи во жалбата не се наведуваат докази за факти кои би довеле до поинакнво решение, министерот во одговор на наводите на жалбата во смисла на член 245 став 2 од ЗОУП се повикува на причините наведени во првостепеното решение*“ МТСП не најде повреда на законот. Она што е воочливо е дека за МТСП е неспорно дека приемот на средствата се случил во период пред стапувањето на сила на измените на правилниците и дека како правен основ се наведуваат одредбите од правилниците донесени на 27 јануари 2015 година.

МТСП во ниту едно од решенијата со кои се одбиваат жалбите **не се произнесе по јасно истакнатиот жалбен навод за ретроактивна примена на пропис** ниту пак по останатите жалбени наводи во однос на правото на МЦСР без согласност на корисниците да ги користи нивните лични податоци иако е обврзан за тоа согласно членот 245 став 2 од ЗОУП.

Решенијата со кои беа уважени жалбите се однесуваа доколку применитe средства се помеѓу **50.000 и 70.000 денари,** а тоа е последица на измената на Правилниците направена три недели по првичното дополнување во јануари**.** Во нив МТСП се повикува на постоење на т.н поповолен пропис нешто што не го зема во предвид при одлучувањето по другите жалби.

**Извадок од Решение бр. 10-2404-2015 од 12.06.2015 на МТСП**

*Бидејќи наведениот правилник претставува поповолен пропис за корисникот, при повторното разгледување и одлучување првостепениот орган треба да го има во предвид , па потоа да донесе соодветно решение.*

МТСП во најголемиот дел од постапките ги проби законските рокови за одлучување по барањата од 30 дена. Дополнително мошне сериозно е одолговлекувањето на доставата на донесените решенија до лицата кое сеуште не е целосно спроведено иако жалбите се поднесени во април. Со ваквото одолговлекување на доставата се оневозможува лицата да поведат управен спор каде би се оценила законитоста на решенијата.

## Заклучок:

Постапувањето на МЦСР со кое ја укина социјалната односно постојаната парична помош на повеќе од 1.000 лица со образложение дека примиле средства преку услугата брз трансфер на пари пред 26 јануари 2015 **е очигледно незаконито.** Со ваквото постапување **се повредува забраната за повратното дејство на прописите** која е изрично предвидена во нашиот Устав. Второстепениот орган кој е задолжен да врши надзор над законитоста на работата на МЦСР е должен да укаже и да го спречи ваквото незаконито постапување. Она што е особено поразително во овој случај е што овде **не се работи за поединечен и изолиран случај туку за смислена и спроведена пракса на ниво на цела територија на РМ** како последица на која повеќе од 1.000 лица ги загубија своите права на социјална односно постојана парична помош.

Правото на жалба, како единствено правно средство кое им стои на располагање на лицата на кои им престанало правото на социјална односно постојана парична помош **се покажа како недоволно ефикасно да ги заштити од очигледно незаконито постапување**. Најпрвин се пробиваат роковите за доставување на решенијата со кои се одлучува по жалбите. Поминуваат и 4 до 5 месеци додека да се достават решенијата до лицата кому се наменети. МТСП во жалбите воопшто не се произнесува по наводите по жалбите кои се доволно основани за да се одговори по нив и наместо тоа користејќи идентични фрази и формулации се одбиваат сите жалби.

Со почит,
Жарко Алексов
Директор на Проект на УСАИД за заштита на човекови права
Македонско здружение на млади правници

## Прилог:

## Преглед на решенија на МЦСР и МТСП кои беа предмет на анализа при изработката на ова мислење

- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-3495уп од 23.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-3639 уп1 од 17.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3609-630 уп од 18.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-3321 уп од 20.02.2015 година
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-3321 уп од 20.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3609-1445/1 уп од 13.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-4548 уп 1 од 27.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-2734 уп 2 од 24.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-3513 уп од 23.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-2991 уп од 20.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-4218 уп од 20.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-уп 2869/14 од 23.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-3625 уп1 од 20.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-3041 уп од 25.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-3495 уп од 23.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3625-29058 од 27.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Шуто Оризари бр. 3612-2399 уп 1 од 10.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје – Гази баба уп 3125-2914/14 од 11.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје – Гази баба уп 3112-140/15 од 12.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје – Гази баба уп 3125-3511/14 од 11.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Скопје - Центар бр. 3425 уп 1/803/15 од 12.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 001345-8770 од 25.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 008559-8524 од 23.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 013205-8823 од 25.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 007048-11577/1 од 23.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 01252-8119 од 24.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 19066-8509 од 24.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 7583/11469 од 02.03.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 001286-9489 од 25.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 015212-8124 од 23.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 4780-8363 од 23.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 016612-8362 од 24.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 000942-9475 од 25.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 18461-8640/1 од 24.04. 2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 017728-11528 од 16.02. 2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 003243-9446 од 25.02. 2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 003737-8964 од 24.02. 2015 година;
- Решение на МЦСР Куманово бр. 1801-5827/1-14443 од 10.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Битола бр. 0801-461/13-3 од 10.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Битола бр. 0806-1887/14 од 11.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Битола бр. 0806-2133/14 од 11.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Битола бр. 0806-1826/14 од 03.02.2015 година;
- Решение на МЦСР Штип бр. 07-3363/1-831 од 10.02.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2569/2015 од 23.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2568/2015 од 23.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2561/2015 од 21.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2570/2015 од 21.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2563/2015 од 21.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2562/2015 од 21.04.2015 година;

- Решение на МТСП Бр.10-2549/2015 од 21.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2551/2015 од 21.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2548/2015 од 21.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2550/2015 од 21.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2549/2015 од 21.04.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2407/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2869/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2592/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-3061/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2405/2015 од 12.06.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2992/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2870/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2619/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2934/2015 од 22.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2848/2015 од 11.06.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2868/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2871/2015 од 21.05.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2404/2015 од 12.06.2015 година;
- Решение на МТСП Бр.10-2917/2015 од 24.08.2015 година.

**Проект на УСАИД за заштита на човековите права**
Македонско здружение на млади правници
Ул. Златко Шнајдер бр. 4а-1/3, 1000 Скопје, тел. 02/3220-870
Лице за контакт: Гоце Коцевски, gkocevski@myla.org.mk

***Забелешка:***
*Ова правно мислење е овозможено со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД). Содржината е одговорност на Македонското здружение на млади правници и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на САД.*

\- - -

**USAID Defending Human Rights Project**
Macedonian Young Lawyers Association
Zlatko Shnajder 4a-1/3, 1000, Skopje, phone: 02/3220-870
Contact person: Goce Kocevski, gkocevski@myla.org.mk

**Disclaimer:**
*This legal opinion is made possible by the generous support of the American people through the United States Agency for International Development (USAID). The contents are the responsibility of Macedonian Young Lawyers Association and do not necessarily reflect the views of USAID or the United States Government.*